Друштво за кетеринг, промет и услуги
ПАРТИ СЕРВИС ЛЕО ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0307/329
06.11 2026 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-6526/9
06-11-2026 20 год. / viti

ДОГОВОР
ЗА ЈАВНА НАБАВКА
Набавка на готови оброци за корисниците на Народни кујни,

Склучен на ден _____. 2026 година, помеѓу:

I ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Ѓоко Велковски, во понатамошниот текст: **Договорен орган,** и
2. **Друштво за кетеринг, промет и услуги ПАРТИ СЕРВИС ЛЕО експорт-импорт Скопје,** со седиште на адреса 1519 бр.9 Скопје, Кисела вода, претставувано од **Управител** Бобан Мишевски, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**

II ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената отворена постапка за јавна набавка како набавка на стоки - готови оброци за корисниците на Народни кујни во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и во согласност со:

- Закон за квалитет на земјоделски производи (Сл.Весник на РМ бр.140/2010, 53/2011, 55/2012), 106/2013, 116/2015,149/2015 и 193/2015;
- Правилник за барањата во однос на квалитетот на мелено месо, подготовки од месо и производи од месо (Сл.Весник на РМ 63/2013) ;
- Правилник за посебни барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храна (Сл.Весник на РМ бр.100/2013, 145/2014,37/2017,173/2018,229/2020 и 287/2022)
- Правилник за посебни барања за храната од животинско потекло (Сл.Весник на РМ бр.28/2016), 166/2017,77/2019 и 18/2020;
- Правилник за барањата за квалитет на суровото млеко, стандардите за квалитет на конзумното млеко, млечните производи и употреба на нивните називи, квалитетот и активноста на стартер, културите, сирилата и други специфични материи и начинот на нивна употреба, начинот на дополнително означување на млекото и млечните производи, како и дозволеното отстапување на тежината во однос на декларираната (Сл.Весник на РМ бр.96/2011);
- Правилник за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката за вршење на службени контроли на млекото и млечните производи (Сл.Весник на РМ бр.26/2012, 145/2014), 59/16,197/2016 и 16/2019.

- Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" број 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.209/23 и 212/26);
- Правилник за барањата во однос на квалитетот кој треба да го исполнуваат растителните масла за јадење и мастите од растително потекло, на маргаринот, мајонезот и на нив сродни производи, кои се произведуваат или се стават во промет (Сл.Весник на РМ бр. 127/2012);
- Правилник за санитарно хигиенските услови за производство на храна (Сл.Весник на РМ бр.32/2006);
- Правилник за посебните барања за безбедност на шеќерите (Сл.Весник на РМ бр.32/2006);
- Правилник за посебните барања за безбедност на какао производите и чоколадните производи (Сл.Весник на РМ бр.32/2006)
- Правилник за посебните барања за безбедност на овошните сокови и одредени слични производи (Сл.Весник на РМ бр.51/2013);
- Правилник на барањата во однос на квалитетот на преработени производи од овошје и зеленчук како и печурки и нивни преработки (Сл.Весник на РМ бр.69/2014);
- Правилник за барањата во однос на квалитетот на зачините, екстрактите од зачини и смесите на зачини (Сл.Весник на РМ бр.24/2013),
- и други материјални прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Член 2

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-6526/1 од 23.09.2026 година, Одлука за избор за најповолна понуда со архивски број 02-6526/7 од 06.11.2026 година, донесена во истата постапка, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на договорот е јавна набавка **-готови оброци за корисниците на Народни кујни.**

опис	доручек	ручек	вечера
до 1000 готови оброка на ден	нема доручек		нема вечера

III ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.
Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

IV ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Овој Договор е со важност од една година (12 месеци) сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни, или до искористувањето на предвидените финансиски средства за предметната јавна набавка определени во Одлуката за јавна набавка со архивски број 02-6526/1 од 23.09.2026 година, чиј износ е определен во член 5 од овој Договор.

V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

За реализација на овој Договор обезбедени се средства во износ од 85.500.000,00 денари (осумдесет и пет милиони и петстотини илјади денари) без вклучен данок на додадена вредност, односно 89.775.000,00 денари со пресметан ДДВ.

Реализацијата на средствата ќе се врши по испорака на готови оброци и тоа по цена по единица парче готов оброк која што е определена во финансиската понуда на Носителот на набавката, односно истата вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 228,00 (двеста дваесет и осум денари) денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 11,40 денари, односно:

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
15894200-3	Набавка на готови оброци за корисниците на Народни кујни	парче	1,00	228,00	228,00	11,40	239,40
				вкупно	228,00	11,40	239,40

VI НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Плаќањето на фактурата е во рок до 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерство за социјална политика, демографија и млади, ул.Даме Груев бр.14 Скопје.

Носителот на набавката фактурира еднаш месечно, за оброците испорачани во претходниот месец. Кон секоја фактура задолжително доставува:

1.Испратници за секоја поединечна испорака, по локации. Секоја испратница ја потпишуваовластеното лице, односно овластениот претставник на Договорниот орган на соодветната локација и овластено лице на носителот на набавка.

2. Месечен извештај за реализација по локации. За секоја локација и за секој ден во месецот се наведува бројот на испорачани оброци по неделно мени, посебно за ручек и посебно за ланч пакети (сабота, недела и државни празници).

Извештајот го потпишуваат овластените лица на локациите. Вкупниот број оброци во извештајот мора да одговара на збирот од испратниците и наколичината во фактурата..

Рокот за плаќање започнува да тече од денот на прием на фактурата во прилог со докази за извршени испораки на стоки по видови и количини, со локации и датуми во архивата на Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Член 7

Фактурата ги содржи особено следниве елементи:

- повикување на број на договорот;
- датум на изготвување на фактурата;
- назив на ставка како што е опишана во табелата во член 5 од овој Договор, односно како што е опишана во техничката спецификација;
- единечни договорени цени за ставката без вкалкулиран ДДВ;
- вкупни цени без вкалкулиран ДДВ;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка на данокот за додадена вредност;
- вкупна цена за исплата по фактурата (доколку имало евентуално намалување);
- валута на плаќање;
- рок на плаќање; и
- сметка и банка на давателот на фактурата.

VII НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 8

Приготвувањето на готовите оброци се врши во просториите на Носителот на набавка.

При подготовката на готовиот оброк, Носителот на набавка треба да постапува согласно со ориентационите норми за приготвување на готовиот оброк-ручек и ориентационите норми за ладен оброк-ланч пакет, во се согласно техничката спецификација,составен дел на овој Договор (состав и грамажа на оброците, неделно мени, број на оброци, место, начин и динамика на испорака, температурен режим при транспорт и хигиенско-санитарни услови).

Носителот на набавка треба готовите оброци да ги подготвува, доставува и сервисира на корисниците на Народните кујни на посочените локации на територија на град Скопје.

Под готов оброк се подразбира однапред приготвен ручек наменет за дистрибуција до крајни корисници, кој е соодветно складиран и транспортиран согласно важечките стандарди за безбедност на храна. Оброкот мора да биде доставуван во термостабилни садови транспортери наменети за транспорт на прехранбени производи во рефус состојба, со цел одржување на соодветна температура во текот на целокупниот процес на достава.

Секој оброк треба да биде индивидуално пакуван во полипропиленска амбалажа што е безбедна при контакт со храна и отпорна на влијанија од висока температура, со што се обезбедува хигиенска заштита и одржување на квалитетот на оброкот до неговата конечна употреба.

Распоредот на оброците во текот на траење на Договорот може да се промени (Пример: Предвидениот оброк во менито за вторник може да ротира со оброкот предвиден за во четврток и слично), но со взаемна согласност помеѓу Договорните страни.
Во сезона се препорачува зеленчук сезонски за варива и салати. Во лето, за салата се препорачува зеленчук цело парче (домат, краставица, пипер и сл.)

Непридржувањето на Носителот на набавка кон неделното мени, ориентационите норми за приготвување на готов оброк–ручек и ориентационите норми за ладен оброк-ланч пакет за време на викендите ќе резултира со раскинување на Договорот и наплата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на Договорот.

Кај ориентационите норми за готов оброк/ланч пакет оброк, тоа се норми по корисник, согласно просечната енергетска вредност за различни категории на корисници опфатени со Народни кујни.

При планирање на количините на зеленчук и овошје, значителна улога има и неговиот квалитет, отпадот варира кај еден ист вид производ, поради тоа треба да се земе во предвид и квалитетот (пр. компир, кромид, и друго на пролет се со послаб квалитет има повеќе отпад, па затоа треба да се планираат дополнителни од 5 до 10 %).

Кај ориентационите норми бројките, од - до значат најмалата количина ако се комбинира со друг производ, на пример: јајце, сирење, виршли сл. другиот број означува количина ако се користи само еден производ.

При нормирање на количините од зеленчук, значително влијание има што се приготвува како и квалитетот на зеленчукот, бидејќи отпадот варира кај еден ист вид производ. Кај риба, пилешки копан и сл. земено е од – до, зависно од големината на парчето кое во пракса не може да се подели.

Лебот ќе се дели во вид на спакувана единечна лепиња.
Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот – готови оброци за корисниците на Народни кујни за 7 дена во неделата и за време на државните празници, на локации на територија на Град Скопје во општините: Карпош, Кисела Вода, Шуто Оризари, Гази баба, Центар, Чаир и Бутел, какои на други локации кои ќе ги користи или ќе и бидат дополнително дадени на користење на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на територија на град Скопје.

VIII ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКА

Носителот на набавката е должен да ги подготвува готовите оброци за потребите на Народните кујни согласно со неделното мени, ориентационите норми за приготвување на готов оброк – ручек и ориентационите норми за ладен оброк – ланч пакет, утврдени во овој договор. При подготовката на оброците, Носителот на набавката е должен да користи суровини кои по вид, квалитет и класа одговараат на утврдените технички барања и стандарди за безбедност на храна.

Готовите оброци мора да бидат индивидуално пакувани во полипропиленска амбалажа што е безбедна при контакт со храна и отпорна на високи температури, со цел

обезбедување на хигиенска заштита и одржување на квалитетот на оброкот до неговата конечна употреба. Транспортот на оброците мора да се врши во термостабилни садови – транспортери, соодветно наменети за храна, при што Носителот на набавката е должен да обезбеди одржување на соодветна температура и хигиенски услови во текот на целокупниот процес на дистрибуција.

Доставата на готовите оброци ќе се врши седум дена во неделата, на сите локации определени со овој договор, во точно определени временски термини за секоја локација. Носителот на набавката е должен да обезбеди доволен број на возила и персонал за навремено и непречено вршење на дистрибуцијата, како и да биде во постојана комуникација со Договорниот орган, со цел навремено усогласување на евентуални измени во менито, локациите или термини на достава.

Во случај на употреба на сезонски производи со слаб квалитет и зголемен отпад (како што се компир, кромид и слично), Носителот на набавката е должен да ги планира количините со соодветно зголемување од 5% до 10%, со цел да се задоволат ориентационите норми по корисник. Количините наведени во нормите, каде што се дадени во опсег, се однесуваат на минимална количина кога производот се комбинира со друг, односно на максимална количина кога се користи самостојно.

Носителот на набавката се обврзува да постапува по насоките и барањата на одговорното лице за следење на реализација на договорот и да доставува извештаи за спроведената дистрибуција, со потписи на овластени лица од секоја локација. Промените во распоредот на оброците може да се вршат само со взаемна писмена согласност на двете договорни страни.

Непридржувањето на Носителот на набавката кон неделното мени, ориентационите норми, времето на достава и квалитетот на оброците ќе се смета за сериозна повреда на договорните обврски и ќе доведе до раскинување на договорот по вина на Носителот, како и до наплата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

IX ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 9

Договорниот орган е должен да му овозможи на носителот на набавката непречен пристап до секоја локација на која треба да се врши испораката на готовите оброци.

Член 10

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Елена Арсова или друго лице овластено од Министер.

X ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Носителот на набавката е должен да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 10,00% од вредноста на договорот за јавна набавка со вклучен ДДВ со важност за целото времетраење на договорот.

Носителот на набавка е должен да достави неотповиклива, безусловна и наплатива на прв повик банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.
Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 5 (пет) дена од потпишувањето на договорот. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.
Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.
Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.
Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

XI ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, ОДНОСНО НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Договорните страни се договорија дека Носителот на набавката ќе му плати на Договорниот орган определен паричен износ (договорна казна) ако не ја исполни својата обврска согласно овој договор, а особено ако договорот е раскинат поради вина на Носителот на набавката.

Договорната казна изнесува 0,01% (1 промил) од вкупната договорена цена, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на стоката, предмет на набавка.

XII ВИША СИЛА

Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради "Виша сила", "Виша сила " значи исклучителен настан или околност:

а. кој е надвор од контрола на страните;
б. против кој ниедна од страните не можела разумно да преземе мерки пред стапување на Договорот;
в. кој, откако настанал, страната не можела разумно да го одбегне или да го совлада и
г. кој не може во голема мера да се припише на друга страна;

Вишата сила може да вклучува, но не е ограничена на исклучителните настани или околности опишани во точките од I до V, се додека се исполнети горенаведените услови од (а) до (г):

I. војна, непријателства, инвазија, акт на непријателства;
II. бунт, тероризам,револуција востание,воена сила или граѓанска војна;

III. немир, раздвиженост, неред, штрајк или блокада од лица кои не се персонал на изведувачот или подизведувачите;

IV. воена муниција, експлозивни материјали, радијација или радиоактивност од страна на изведувачот;

V. природни настани (пожар, поплава, земјотрес пандемија, лоши временски услови, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите, утврдени во градежен дневник и сл.);

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине спогодбено.

Доколку изведбата на сите работи во голема мера е спречена во непрекинат период од 30 (триесет) дена поради "Виша сила " за која е дадено известување, тогаш која било од страните може да даде известување за раскинување на Договорот.

XIII ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 14

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

XIV УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 16

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 17

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

Договорните страни се согласни евентуални спорови да се решаваат спогодбено во склад со важечките прописи и овој договор, но доколку тоа не е можно спорот ќе го решава надлежен суд во Скопје. Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

XV РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 18

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Граѓански суд Скопје, Скопје.

XVI ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 19

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 20

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 21

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Договорниот орган:
Министер
Ѓоко Велковски

Носителот на набавката
Управител
Бобан Мишевски

Изработил: Теодора Васик Петровска, Раководител на одд
Одобрил: м-р Јулијана Павовска Боцевска, државен советник